ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2019 ГОДИНА НА
# АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

01 2020 03 06/1

Скопје, март 2021

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 18 |
| Финансиски извештаи за 2019 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 19 |
| Биланс на состојба | 20 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 21 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 22 - 25 |
| - Сметководствени политики | 26 - 27 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 28 - 36 |
| Прилог 1 – Забелешки на Нацрт извештај | |
| Прилог 2 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај | |

Кратенки користени во извештајот:

Агенција - Агенција за електронски комуникации
РСМ – Република Северна Македонија
МИОА – Министерство за информатичко општество и администрација
УЈП – Управа за јавни приходи
ОТА – Оперативно-техничка агенција
ЈСП – Јавно сообраќајно претпријатие
ДДВ – данок на додадена вредност

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:10-200/5

Дата: 26.03.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење без резерва.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за електронски комуникации за 2009 и изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, при што е констатирано дека од дадените четири препораки, три препораки биле спроведени и една препораки била во тек на спроведување.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби, од кои како позначајни ги истакнуваме следните:

- актите за организација и систематизација на работните места се донесени без претходно спроведена функционална анализа, а бројот на непополнети работни места во однос на бројот на предвидени работни места е повисок од законски утврдениот процент и
- при спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските не се во целост извршени постапките предвидени во законската регулатива и интерните акти на Агенцијата.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, обелоденети се состојби кои се однесуваат на:

- судските постапки кои се во тек;
- евидентирано побарување од Министерството за транспорт и врски, по основ на даден депозит во минати години, во банка за која во тек е спроведување на стечајна постапка;
- дадените донации во минати години за изградба на објект од јавен интерес, кои корисникот на донацијата не ги има реализирано во целост, што може да предизвика финансиски импликации во финансиските извештаи на Агенцијата во идни периоди;
- преиспитување на статусот на Агенцијата како даночен обврзник за данок на додадена вредност и
- спроведени сметководствени корекции во текот на ревизијата.

Во делот за останати прашања истакнавме одредени системски слабости, за кои постои потреба надлежните органи:

- да донесат поконкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, нивното евидентирање или да се преземат мерки за законско доуредување;
- да преземат активности за дополнување на Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции“;
- да го прецизираат начинот на распределба на делот од приходите кој ќе биде наменет за финансирање на ОТА и
- да ја преиспитаат висината на глобите за кои надлежен прекршочен орган согласно Законот за електронските комуникации е Агенцијата, во насока на нејзино усогласување со одредбите од Законот за прекршоците.

Од страна на раководното лице на Агенцијата за електронски комуникации доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и оценето е дека од осум забелешки седум претставуваат известување со образложенија за утврдените состојби кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на ревизијата, како и за мерки и активности кои се преземаат од страна на Агенцијата по дадените препораки за надминување на истите, додека една забелешка се прифаќа.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 19 до 21 заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за електронски комуникации, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Агенцијата за електронски комуникации за 2009 година и изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи за 2009 година, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Сашо Димитријоски, директор од 01.02.2016 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 23.06.2020 до 30.10.2020 година кај Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година број 25-259/6 од 15.03.2011 година и издаден е преглед за статусот на спроведувањето на препораките. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека од дадените четири препораки, три препораки биле спроведени и една препораки била во тек на спроведување.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 03.12.2020 година.

Од страна на раководното лице на Агенцијата за електронски комуникации доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-200/4 од 01.03.2021 година. Забелешките се разгледани и оценето е дека од осум забелешки седум претставуваат известување со образложенија за утврдените состојби кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на ревизијата, како и за мерки и активности кои се преземаат од страна на Агенцијата по дадените препораки за надминување на истите, додека една забелешка се прифаќа. Забелешките и Одговорот на забелешките се дадени во прилог на овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во текот на 2015 година од страна на одговорното лице на Агенцијата донесени се акти за организација и систематизација на работните места, а во текот на 2017 и 2018 година извршена е измена на актот за систематизација. За наведените акти добиени се согласности од Министерството за информатичко општество и администрација.
Со извршениот увид и анализа на наведените акти констатиравме состојби кои

упатуваат на неусогласеност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор[1] и Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите во јавниот сектор[2] и тоа:

- наведените акти се донесени без претходно спроведена функционална анализа, што не е во согласност со член 17 став 4 од Законот;
- во актот за систематизација на работните места на Агенцијата, при наведување на посебните услови за потребните стручни квалификации, во дел од работните места не е конкретизиран видот и степенот на образованието кое соодветствува со описот на работното место, што не е во согласност со член 17 став 3 и 4 од наведениот правилник;
- бројот на непополнети работни места на 31.12.2019 година изнесува 31% од бројот на предвидени работни места, што не е во согласност со член 17 став 5 од наведениот закон, во кој е уредено дека во актот за систематизација на работните места може да се систематизираат најмногу 10% повеќе работни места од работните места за кои се обезбедени финансиски средства за плата и надоместоци во буџетот на институцијата.

Наведените состојби можат да влијаат на соодветната проценка на внатрешната организација и на работните места по организациони единици, за непречено остварување на активностите на Агенцијата за остварување на нејзините надлежности.

Ревизијата истакнува дека Агенцијата во текот на 2018 година има отпочнато активности за подготовка на функционална анализа и изготвување на нов акт за систематизација, кои според даденото образложение од одговорните лица сеуште не се донесени поради не постигната согласност со МИОА, во делот на начинот на организирање и систематизирање на работните места во Агенцијата.

**Препорака:**

Одговорното лице на Агенцијата да продолжи со отпочнатите активности за донесување на функционална анализа и акт за систематизација на работните места кој ќе биде целосно усогласен со одредбите од законската и подзаконската регулатива.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Со извршениот увид во сметководствената евиденција и доставената документација од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските за 2019 година, ревизијата утврди состојби кои не се во согласност со одредбите

[1] „Службен весник на Република Македонија “ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 98/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19

[2] „Службен весник на Република Македонија“ број 11/15

од Законот за сметководството за непрофитните организации, Правилникот за сметководството за непрофитните организации и интерното Упатство[3] за извршување на пописот за 2019 година и тоа:

- со извршениот попис на инвестициите во тек потврдена е состојбата согласно сметководствената евиденција за секоја инвестиција одделно, но не е утврден степенот на завршеност на сите инвестиции, како и причините за незавршување на истите.

  Со примена на ревизорски техники констатиравме дека дел од евидентираните инвестиции во тек се завршени и ставени во употреба, за што Агенцијата спроведе сметководствени корекции во тек на ревизијата, за нивно соодветно прикажување во деловните книги;
- пописната листа за недвижниот имот – градежните објекти не содржи податоци за имотните листови за секој објект и нивна споредба со фактичката и сметководствената состојба, ниту пак е констатирано дали Агенцијата располага со земјиште, кое не било сметководствено евидентирано.

  Во текот на ревизијата, Агенцијата презема активности за обезбедување на вредноста на земјиштето и спроведе сметководствено евидентирање на истото;
- пописните листи за моторните возила сопственост на Агенцијата, не ги содржат сите податоци согласно барањата од интерното упатство за попис (број на мотор и број на шасија);
- пописната комисија не ја утврдила правната основа и старосната структура на побарувањата и обврските, преземените мерки за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години, како и причините за неплатените обврски кон добавувачите со состојба 31.12.2019 година, ниту потврдила дали ненаплатените побарувања и преземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција.

  Со примена на ревизорски техники, утврдивме дека Агенцијата има воспоставено аналитичка евиденција на побарувањата по години и ги презема законските мерки и активности за наплата на истите, додека за искажаните обврски на ден 31.12.2019 година утврдивме дека истите се однесуваат за тековното работење на Агенцијата во 2019 година, но фактурите кои се однесуваат за 2019 година, а се пристигнати по 31 декември 2019 година, во текот на месец јануари 2020 година, не се искажани како обврски во тековната година, во износ од 3.718 илјади денари;

[3] Упатство и налози на овластеното лице за извршување на попис на состојба на ден 31.12.2019 година број 0207 – 3940/2 од 26.11.2019 година

- извршено е вредносно усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата утврдена со пописот, при што не се констатирани разлики односно кусоци и вишоци.

  Со примена на ревизорски техники, ревизијата констатира дека постојат разлики во состојбата на средствата прикажана во пописните листи со сметководствената состојба искажана во деловните книги. Настанатите разлики се резултат на софтверска грешка односно не прикажување на сите средства во електронските пописни листи за усогласување на вредноста на средствата, креирани од софтверот, како и неунифицирано прикажување на вредноста на одделни средства (со/без ревалоризација/ друга вредност) во истите, која се разликува од вредноста на средствата во сметководствената и материјалната евиденција. Утврдивме дека постои неусогласеност на сметководствената со материјалната евиденција, за износ од 2.210 илјади денари, која произлегува од минати години, но поради подолгиот временски период од моментот на настанување, не може да се обезбедат доволно информации за утврдување на причината за утврдената разлика.

Наведените состојби упатуваат на нецелосно постапување согласно законските, подзаконските и интерните акти кои го уредуваат начинот на вршење на пописот во Агенцијата за 2019 година, што има влијае на реалноста и објективноста на податоците искажани во Билансот на состојба.

Препорака:

Одговорното лице на Агенцијата, во координација со Комисијата за попис да преземат мерки и активности при спроведување на пописот во иднина:

- да се утврдува степенот на завршеност на инвестициите во тек;
- состојбата по пописните листи за градежните објекти да се потврдува согласно податоците во имотните листови и сметководствената евиденција;
- пописните листи на превозни средства да ги содржат бараните податоци согласно интерното упатство за попис;
- пописот на побарувањата и обврските да содржи податоци за нивната староснa структура, преземени мерки за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години, како и причините за неплатените обврски кон добавувачите да потврди дали побарувањата и обврските се целосно евидентирани во сметководствената евиденција;
- да се изврши усогласување на фактичката со сметководствената состојбата на постојаните средства на начин кој ќе обезбеди точни вредносни показатели, согласно сметководствената евиденција.

Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точката 4.2. која се однесува на нецелосно извршен попис согласно законските прописи, има влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за електронски комуникации на ден 31 декември 2019 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за електронски комуникации, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Обрнуваме внимание на постоење на неизвесност во однос на исходот од 6 судски постапки кои се во тек, во кои тужена страна е Агенцијата за 816 илјади денари. Исходот од постапките може да има влијание на износот на расходите на Агенцијата.
Исто така Агенцијата има поведено постапки пред надлежните органи за наплата на побарувања, во вкупен износ од 97.159 илјади денари, а исходот од истите може да има влијание на износот на приходите на Агенцијата.
Најголем дел од овие побарувања (91%), се однесува на побарување од еден оператор во износ од 88.788 илјади денари, по основ на дополнително фактурирани побарувања за годишен надоместок за радиофреквенции за 2005 година. За отпочнатата постапка, во 2018 година донесена е Пресуда од Апелационен суд Скопје[4] со која жалбата на тужителот (Агенцијата) се одбива како неоснована, но истата во 2019 година се укинува со Решение[5] донесено од Врховен суд Скопје, по што предметот се враќа на повторно судење пред

[4] ТСЖ-2538/17 од 11.07.2018 година
[5] Рев1.бр.25/2019

второстепениот суд, поради што сеуште постои неизвесност за наплата на побарувањето.

6.2. Во деловните книги на Агенцијата евидентирано е побарување од Министерството за транспорт и врски, по основ на даден депозит во износ од 50.000 илјади денари, од страна на Управата за телекомуникации како правен претходник на Агенцијата. Имено, во 2001 година Управата средствата ги има исплатено како наменски орочен депозит во една деловна банка, врз основа на договор склучен меѓу Министерството за транспорт и врски и банката, над која во меѓувреме е отворена стечајна постапка.

Согласно информациите добиени од стечајниот управник[6], наведеното побарување е содржано во Пријавата за побарување доставена од Министерството за транспорт и врски, кое е евидентирано како доверител на банката во стечај.

Во текот на ревизијата, Агенцијата со Допис[7] се обрати до Министерството за транспорт и врски за добивање информација за статусот на постапката за наплата на побарувањето. Согласно добиениот одговор[8] во сметководствената евиденција на министерството не се евидентирани побарувања од деловната банка за Агенцијата за електронски комуникации за орочените депозити. Дополнително, на ден 16.10.2020 година од страна на Министерството за транспорт и врски[9] добиено е Известување дека Агенцијата потребно е да се обрати Државното правобранителство за добивање на информации за статусот на стечајната постапка на банката, која се води за пред Основен граѓански суд Скопје. Наведеното од причина што Државното правобранителство се јавува како доверител во Собранието на доверители и презема мерки и дејствија за заштита на имотните права и интереси на државата и државните органи во постапките пред судовите.

Агенцијата со Допис[10] се обрати до Државното правобранителство, но до моментот на известување по ревизијата, сеуште не е добиен повратен одговор.

6.3. Во период од 2014 до 2016 година, Агенцијата за електронски комуникации со Јавното сообраќајно претпријатие Скопје - Скопје има склучено три договори за донација и анекси кон истите, за давање на доброволна и безусловна помош во пари како донација за остварување на јавен интерес кој е изразен и е во функција на реализација на Проектот Линиски инфраструктурен објект мост со придружни содржини/мост со панорамско тркало (Прстенот на Александар -

[6] Одговор на барање број 0501-1736/2 од 24.06.2013 година
[7] Барање за доставување информација за побарување од Експорт Импорт Бана АД Скопје број 0508-2674/1 од 06.10.2020 година
[8] Одговор на барање број 0508-2674/2 од 06.10.2020 година
[9] Одговор на барање број 0508-2674/3 од 16.10.2020 година
[10] Барање за доставување информација за побарување од Експорт Импорт Банка АД Скопје број 0508-2674/4 од 11.11.2020 година

Александар III Македонски со придружни содржини). По основ на договорите за донација, на две сметки отворени од страна на ЈСП-Скопје, префрлени се средства во вкупен износ од 520.252 илјади денари. Врз основа на доставената документација од страна ЈСП-Скопје, утврдивме дека заклучно со јуни 2020 година, средствата од првата и втората донација целосно се реализирани од страна на примателот на донацијата.

До моментот на извршување на ревизијата, ЈСП-Скопје до Агенцијата сеуште нема доставено финансиски извештај за искористеност на износот на средствата од третата донација во вкупен износ од 180.000 илјади денари, кои се префрлени на наменската сметка во декември 2016 година. Во член 6 од договорите за донација е уредено дека доколку по било кој основ, не се оправда јавниот интерес, односно се утврди дека средствата се користат спротивно на својата намена, Давателот на донација има право од Примателот на донација да бара поврат на финансиските средства во полниот износ што бил дониран.

Во текот на ревизијата, Агенцијата достави Барање [11] до ЈСП-Скопје за добивање информација за степенот на реализација на преостанатите средства и образложение за понатамошните активности во однос на реализацијата или поврат на средствата на Агенцијата, како давател на донацијата.

На ден 15.12.2020 година од страна на ЈСП доставено е Известување за донација број 3[12], со финансиски извештај и пропратна документација за донацијата по Договор за донација 0503-223/2 од 12.02.2018 година. Согласно Известувањето, работите во врска со предметниот договор се во завршна фаза, а ЈСП како инвеститор по завршување на техничкиот прием и приемот на завршната пресметка ќе изврши исплата на преостанатите средства, по што ќе достави Финален извештај до Агенцијата.

Со увид во доставената документација, утврдивме дека од износот на третата донација реализирани се 84%, односно 151.902 илјади денари.

Истакнуваме дека евентуалното не целосно реализирање на преостанатиот износ од 28.098 илјади денари од донираните средства за наведениот проект, може да предизвика финансиски импликации во финансиските извештаи на Агенцијата, во идни периоди.

6.4. Согласно член 29 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата се финансира од средствата остварени од приходите од надоместоците кои операторите се обврзани да ги плаќаат согласно Законот за електронските комуникации. Исто така, Агенцијата може да се финансира и од донации, давање во закуп на слободен деловен простор на Агенцијата, заеми и друга финансиска и техничка помош.

[11] Барање за доставување на Финансиски извештај по Договор за донација 0503-223/2 од 12.02.2018 година, број 0508-3092/1 од 07.12.2020 година

[12] Број 0508-3092/2 од 15.12.2020 година

Агенцијата во 2006 година е запишана како даночен обврзник во Регистарот за обврзници за данокот на додадена вредност, врз основа на Решение донесено од Управата за јавни приходи.

Во член 10 од Законот за данокот на додадена вредност е уредено дека *„Државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и другите јавно-правни тела не се даночни обврзници за оној дел од нивните дејности, што се ограничува на извршувањето на јавни функции, дури и ако во врска со тие дејности наплатуваат даноци, такси, придонеси или други давачки. Државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и другите јавно-правни тела се даночни обврзници во случаите, доколку во рамките на одредена стопанска дејност вршат промет, кој според овој закон е оданочив кај другите даночни обврзници*“.

Со увид во доставената документација и деловните книги на Агенцијата, утврдивме дека во најголем дел Агенцијата се финансира од надоместоците кои ги плаќаат операторите, за кои истата врши фактурирање со пресметан ДДВ по стапка од 18% а за набавените стоки и услуги по истиот основ го користи влезното исполнување на ДДВ.

Имајќи го предвид членот 10 од Законот за данокот на додадена вредност, статусот на Агенцијата како правно лице со јавни овластувања утврдени со Законот за електронските комуникации, како и приходите кои истата ги остварува од законски утврдените надоместоци, кои не претставуваат приходи од стопанска дејност, односно се во функција на остварување на јавен интерес, ревизијата смета дека потребно е да се побара мислење од УЈП и да се преиспита потребата од регистрирање на Агенцијата како даночен обврзник за ДДВ, со што индиректно би се влијаело и на цената која граѓаните ја плаќаат на операторите, за услугите кои ги добиваат од истите, а Агенцијата во тој случај би била краен корисник и сите стоки и услуги би ги набавувала со ДДВ.

Исто така, доколку Агенцијата настапува како правно лице кое нема третман на даночен обврзник за ДДВ, истото би имало влијание и на износот на искажаните расходи, вредноста на средствата и обврските на Агенцијата, како и на побарувањето од државата, во случај кога Агенцијата има повеќе платен ДДВ.

6.5. Ревизијата има обврска да обелодени дека согласно член 27 од Законот за државната ревизија, за потребите на ревизијата беа ангажирани надворешни стручни лица-експерти од областа на градежништвото, за утврдување на законитоста во извршување на градежните активности поврзани со изградба на „Антенски столб на Водно-Антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции за територија на Република Македонија, без пристапен пат и без приклучен далекувод“.

Активностите за изградба на Антенскиот столб на Водно се отпочнати во 2013 година, врз основа на склучен Договор[13], а до моментот на извршување на ревизијата истите се евидентирани како инвестиции во тек, бидејќи активностите сеуште не се завршени. Вкупната вредност на договорот и анексите кон договорот заклучно со јуни 2020 година, изнесува 1.142.325 илјади денари, без ддв, од кој по добиени времени ситуации, заклучно со ноември 2019 година реализирани се 517.751 илјади денари.

Од страна на надворешните стручни лица во декември 2020 година доставен е Извештај[14] во кој е констатирано дека објектот е изведен согласно проектната документација, одобренијата за градење и решенијата за измени во тек на градба се согласно важечките технички нормативи, стандарди и законски прописи за ваков вид на објекти.

Објектот е сеуште во изградба, а по извршениот увид и целокупната инвестиционо-техничка документација и увидот на терен од надворешните стручни лица не се констатирани неправилности и тоа во делот на техничката и договорната документација. Реализацијата на објектот се одвива согласно кумулативните вредности на изведени работи и исплатени средства се согласно времените ситуации и градежните книги.

Согласно заклучокот од Извештајот, објектот е изведен спрема одобрената техничка документација, Законот за градење и технички прописи за ваков вид на објекти, а воедно не се констатирани недостатоци во документацијата и изведбата.

6.6. Во текот на ревизијата од страна на Агенцијата прифатени и спроведени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, кои предизвикаа промени во активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба во вкупен износ од 140.868 илјади денари. Спроведените корекции се однесуваат на:

- сметководствено евидентирање на земјиште во вкупен износ од 140.762 илјади денари илјади денари, за кое Агенцијата има запишано право на користење во имотните листови, спроведено со налог за книжење број 93/20_01 од 15.10.2020 година;
- сметководствено евидентирање на задржан дел од вредноста на договорот во износ од 106 илјади денари, како инвестиција во тек за пристапни рампи, до моментот на истек на гарантниот период за истата, спроведени со налог за книжење број 93/20_13 од 15.12.2020 година;
- сметководствено прекнижување од сметката Материјални средства во подготовка на сметките Материјални средства, во вкупен износ од 7.404

[13] Договор за јавна набавка за изградба на Антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции на територијата на РМ број 0204-104/30 од 26.06.2013 година,

[14] Извештај за извршен надзор и експертиза при вршење на ревизија на капитални расходи за реализација на објект „Изградба на антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции на територијата на РМ Број 08—1937/10 од 24.12.2020 година

илјади денари (7.042 денари на сметката за Градежни објекти и 362 илјади денари на сметката за Опрема), спроведено со налози за книжење број 93/20_14, 93/20_16, 93/20_17 и 93/20_18 од 15.12.2020 година;

- сметководствено прекнижување на интегриран информационен систем од сметката Нематеријални средства во подготовка на сметката Нематеријални средства, во износ од 20.407 илјади денари, со налог за книжење број 93/20_15 од 15.12.2020 година.

Корекциите детално се прикажани во делот Образложенија кон финансиските извештаи.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 6 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата е самостојно, непрофитно регулаторно тело на пазарите за електронски комуникации во РСМ и има статус на правно лице со јавни овластувања утврдени со закон.

Согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации[15] признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, што значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположливост.

Согласно наведениот член, приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно, додека под критериумот расположливост на приходите во пресметковниот период се подразбира дека приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Исто така, во однос на расходите е регулирано дека расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

Примената на критериумот расположливост на приходите, во пракса создава потешкотии при сметководственото евидентирање на трансакциите во деловните книги, како и ризик од несоодветно толкување на наведениот критериум, особено за прикажување на приходите во случаи кога субјектот остварува приходи во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, а кои се остварени од наплата на побарувања кои потекнуваат од минати години.

[15] „Службен весник на Република Македонија" број 24/03, 17/11 и 154/15

Ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, како и во однос на нивното евидентирање или да се преземат мерки за законско доуредување.

7.2. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на субјекти кои имаат третман на непрофитни организации, во минати години, овластениот државен ревизор извести дека водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, финансиските извештаи и доставувањето на финансиските извештаи на истите се уредени со Законот за сметководството за непрофитните организации[16], за кој е потребно надлежните институции да преземат активности за изменување и дополнување, и тоа:

- согласно член 13 од наведениот закон признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, што значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Имено, приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно и постапувањето при евидентирањето на истите кај непрофитните организации е еднообразно, додека под критериумот расположливост на приходите/расходите во пресметковниот период се подразбира дека истите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
- поради наведените алтернативни критериуми за расположливоста на приходите (сврзникот „или„) ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки во однос на рокот на нивната расположливост и евидентирање и подзаконски акти за воспоставување на сметководствената евиденција кај непрофитните организации и обрасците за подготвување на финансиските извештаи донесени се подзаконски акти и тоа:
    - ✓ Правилник за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[17] и

[16] „Службен весник на Република Македонија" број 24/03, 17/11 и 154/15
[17] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/05

- ✓ Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[18].

Во наведените правилници, пропишани се сметки и позиции кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа".

Надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции".

7.3. Со Законот  за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации[19] од јули 2019 година додаден е нов член 29-а, во кој е уредено финансирањето на ОТА. Притоа, уредено е дека Агенцијата е должна дел од средствата остварени од приходите од надоместоците утврдени наведениот закон да ги пренесе како средства наменети за финансирање на дејноста на ОТА, заради обезбедување на соодветни финансиски, човечки и технички ресурси за спроведување на нејзините надлежности и тоа:

- 50% од вкупните реализирани приходи кои Агенцијата ги остварила за претходната календарска година од приходите од годишните надоместоци кои операторите ги плаќаат за надзор на пазарот, утврдени во годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната календарска година, усвоен од Комисијата на Агенцијата и
- 10% од вкупните реализирани приходи кои Агенцијата ги остварила за претходната календарска година од приходите од годишните надоместоци за користење на радиофреквенции од страна на имателите на одобренија за користење на радиофреквенции, утврдени во годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната календарска година, усвоен од Комисијата на Агенцијата.

Имајќи предвид дека Агенцијата во текот на годината може да остварува и приходи од надоместоци од наплатени побарувања кои потекнуваат од минати години (задоцнета наплата на побарување, наплата по спроведени судски постапки и слични приходи), меѓу кои и такви кои потекнуваат од период пред формирањето на ОТА, ревизијата е на мислење  дека потребно е јасно да се уреди начинот на распределба на делот од приходите кој ќе се биде наменет за финансирање на ОТА.

[18] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/05, 11/06
[19] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 153/19

Во прилог на потребата од наведеното законско доуредување е и доставениот Допис од ОТА[20], како одговор на испратената конфирмација за потврдување на состојбата на евидентираната обврска во деловните книги на Агенцијата со состојба на 31.12.2019 година, во износ од 0 илјади денари. Во дописот, ОТА наведува дека не е во можност да потврди дека нема побарување од Агенцијата за електронски комуникации, повикувајќи се притоа на член 29-а од Законот за електронските комуникации и податоците од објавениот Годишен извештај за работата на Агенцијата за 2019 година. Имено, користејќи ги податоците од наведениот извештај како единствен извор на информации, ОТА констатира дека не може да ја утврди основата која е користена за пресметка на средствата за нејзино финансирање за 2019 година, поради тоа што процентуалниот износ од реализираните приходи за 2019 година во објавениот Годишен извештај на Агенцијата е повисок од реално исплатениот износ.

Со примена на ревизорски техники, ревизијата утврди дека при пресметување на надоместокот за финансирање на ОТА, Агенцијата како основа за пресметка го користи делот од приходите кој се однесува само на наплатените побарувања од тековната, а не и од минати години, но во Годишниот финансиски извештај приходите се искажани збирно, односно без разграничување според периодот на настанување на наплатеното побарување.

7.4. Агенцијата за електронски комуникации, е надлежен прекршочен орган за прекршоците определени во членовите од 182 до 185 од Законот за електронските комуникации. За водење на прекршочната постапка и за изрекување на прекршочна санкција, од страна на директорот на Агенцијата, формирана е Комисија за одлучување по прекршок[21], согласно член 50, став 3 од законот.

Со извршениот увид во сметководствената евиденција и доставената документација, утврдивме дека Агенцијата во континуитет презема мерки за наплата на побарувања по основ на надоместоците кои не се навремено уплатени од страна на операторите. Од друга страна, во досегашната работа, Комисијата за одлучување по прекршок, нема преземено дејствија за постапување согласно нејзините надлежности, особено во делот од членот 183, согласно кој доколку правното лице односно трговец поединец не ги исполнува обврските во однос на уплата на надоместоците во законски утврдените рокови или износи, за сторениот прекршок се предвидува глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност.

[20] Број 11.2 – 399/2 од 04.08.2020 година
[21] Решение за формирање Комисија за одлучување по прекршок број 0202-2452/1 од 11.09.2017 година

Имајќи предвид дека висината на приходите кои ги остваруваат операторите, како и средствата кои ги уплаќаат во Агенцијата се разликуваат во зависност од големината на операторите, ревизијата смета дека вака утврдената глоба не е сразмерна на висината на прекршокот. Поради тоа, постои потреба законодавецот да ја преиспита наведената глоба, во насока на нејзино усогласување со одредбите од Законот за прекршоците. При одмерување на прекршочната санкција, потребно е да се земаат предвид сите околности што влијаат прекршочната санкција да биде полесна или потешка, како и доследно да се применува член 36 став 5 од наведениот закон, согласно кој „...*За прекршоци од областа на конкуренцијата, електронските комуникации и трговијата со забранети и/или ограничени стоки за употреба, како и во други области опфатени со законодавството на Европската Унија може да се пропише глоба во процентуален износ, но најмногу до 10% од приходот на правното лице остварен во претходната фискална година....*“.

За прекршоците од погоре наведените членови од Законот за прекршоците, предвидени се глоби кои се движат од 1000 до 20.000 евра во зависност од прекршокот, како и прекршочна санкција забрана на вршење на определена дејност во траење од шест месеци до три години, а може да се изрече и прекршочна санкција одземање на предмети со кои е сторен прекршокот.

Агенција за електронски комуникации

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2019 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги (Сопствени приходи) | 3.1.1. | 508,460 | 473,429 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 3.1.2. | 900 | 614 |
| Други приходи | 3.1.3. | 1,371 | 849 |
| Вонредни приходи | 3.1.4. | 30 | 852 |
| **Вкупно приходи** | | **510,761** | **475,744** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 3.2.1. | 58,184 | 50,549 |
| Други расходи | 3.2.2. | 111,117 | 48,334 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **169,301** | **98,883** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.2.3. | **60,109** | **51,359** |
| | | | |
| **Плати и надомести на плати** | | | |
| Плати и надомести на плати | 3.2.4. | 135,507 | 132,468 |
| **Вкупно Плати и надомести на плати** | | **135,507** | **132,468** |
| | | | |
| **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | 3.2.5. | **556** | **416** |
| | | | |
| **Вонредни расходи** | 3.2.6. | **23** | **1,269** |

Агенција за електронски комуникации

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2019 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 410,873 | 294,448 |
| Побарувања | 4.1.2. | 169,384 | 164,226 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 50,000 | 50,000 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.4. | 497 | 389 |
| Други краткорочни побарувања | 4.1.5. | 0 | 11,068 |
| Побарувања за повеќе платени и придонеси | 4.1.6. | 14,347 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.7. | 8,608 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **653,709** | **520,131** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 66,758 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 874,563 | 749,607 |
| Материјални и нематеријални вложувања во подготовка | 4.2.3. | 523,344 | 536,534 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1,464,665** | **1,286,141** |
| **Вкупна актива** | | **2,118,374** | **1,806,272** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА ЗА 2019 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 ден |
| О П И С | Извори на деловни средства | Вкупно |
| | | |
| **Состојба 01.01.2019 година** | **1,286,141** | **1,286,141** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **259,300** | **259,300** |
| Набавки | 47,323 | 47,323 |
| Инвестиции во тек | 61,839 | 61,839 |
| Ревалоризација на капитални средства | 9,270 | 9,270 |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 140,868 | 140,868 |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **604,120** | **604,120** |
| Затворени инвестиции во тек | 47,324 | 47,324 |
| Амортизација | 33,452 | 33,452 |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 523,344 | 33,452 |
| **Состојба 31.12.2019 година** | **941,321** | **941,321** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 01.03.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojcë: | Вредност Vlera |
| | 10-200/4 | | |

АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**До**

**Државен завод за ревизија**
**Ул. Павел Шатев бр.2**
**Палата Емануел Чучков**
**1000 Скопје**

**Предмет: Коментари и забелешки по доставен Нацрт извештај од страна на Државниот завод за ревизија по однос на извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за електронски комуникации и сметка на Компензациски фонд за универзална услуга (бр. 10-200/3 од 20.01.2021 година) и Архивски број во Агенцијата 0201-310/1 од 27.01.2021 година**

**Почитувани,**

Во однос на пристигнатиот Нацрт извештај од страна на Државниот завод за ревизија по однос на извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за електронски комуникации (бр. 10-200/3 од 20.01.2021 година) и Архивски број во Агенццијата 0201-310/1 од 27.01.2021 година, Ве известуваме дека го прочитавме со особено внимание, и во прилог доставуваме одредени коментари:

**Точка 4.1**

Препораката се прифаќа за продолжување со активности за функционална анализа - акт за систематизација. Се прифаќа забелешката-

**Точка 4.2-**

**Во однос на квалификуваното мислењето со резерва во однос на пописот сакаме да истакнеме дека за соодветните недовршени работи во текот на ревизијата се доставени документи, забелешките се прифатени и применети во пописот 2020 г.**

- Степенот на завршеност е утврден за најголемите инвестиции во тек, Агенцијата ја прифаќа забелешката и во спроведениот Попис за 2020 година истата во целост беше имплементирана, и беа превземени активности за целосно сметководствено и материјално евидентрање на инвестициите во тек.

- Имотни листови се доставени на увид во текот на ревизијата, ја прифаќаме забелешката и во иднина истите ќе бидат соодветно попишувани.

Праксата на досегашното работење на Агенцијата беше Инвестициите во тек да се даваат во употреба со доставување на соодветен документ во сметководството. Со оглед дека за некои инвестиции во тек не беа доставени такви соодветни документи, дел од Инвестициите во тек се водеа како такви и не беа давани во употреба се до оној момент додека не се добие соодветен документ за книжење. Во текот на ревизијата беа побарани и обезбедени соодветни документи или нови сознанија за дел од Инвестициите во тек и беа спроведени соодветни книжења.

-Агенцијата за електронски комуникации во своето работење се има стенкато со право на користење на државно земјиште (за градби и за објекти) и истото е врз основа на одлуки од Владата за давање на трајно користење без надоместок. Во текот на ревизијата постоеа одредени дилеми дали ова треба да се евидентира, бидејќи историски од самото основање никогаш не било евидентирани, и за истото не било укажано во претходните извршени ревизии, но сепак Агенцијата одлучи да ги прифати сугестиите од ДЗР и со Одлука на Комисијата беше спроведено соодветна евиденција со целосно почитување на членот од Правилникот за непрофитно сметководство и со примена на методологијата за утврдување на цени беа побарани цени од сите локални самоуправи и во целост беше спроведена оваа евиденција.

- Прекнижувањето е спроведено по укажување на ДЗР и покрај дилемата на Агенцијата дека од самото основање инвестициите во тек се водат на 900 – капитал бидејќи се платени со сопствени средства. Дилемата постоеше бидејќи вака пак ќе се врши несоодветно искажување во движењето на капиталот.

- Попис на моторни возила – во текот на ревизијата беше доставена комплетна листа на возила со соодветни искажани број на мотор и шасија како и соодветни сообраќајни дозволи, истото ажурно се води. Точно е дека поради одреден пропуст листата не беше приложена кон пописната листа, но истото нема никакво значење врз утврдувањето на состојбата на возилата, бидејќи во самата пописна листа беа попишани возилата со соодветни инвентарни броеви. Во пописите во претходните години како и во идните пописи оваа листа е стандардна, а тоа е видно и од самото упатство кое е изготвено од АЕК.

-Пракса за проверка на побарувања од комintентите за староснa структура беше со пописот истовремено вршена и надворешна независна ревизија, и од нивна страна беа проверувани овие состојби и следен е целиот попис. Пописната комисија не ја утврдуваше старосната структура и правниот основ, не беше напоменато во Упатството за попис за да знае пописната комисија, но ја прифаќаме забелешката почнувајќи од пописот за 2020 година истото редовно и ажурно ќе биде спроведувано од пописната комисија, истото ќе биде имплеменитрано во Упатството за попис.

-Книжењата на обврски до 31.01.2021 се евидентирани по препораката во завршна сметка за 2020 година. Се прифаќа забелешката.

**6.2.**Коментарот е во ред. Напорите на овој долгорочен проблем кој што се провлекува историски беа доста продуктивни. По завршување на ревизијата добиен е одговор од Правобранителство. Агенцијата ќе продолжи активно да го разреши ова побарување, се разбира до соодветна реализација.

**6.3.**Ќе се следи реализацијата, и за таа цел на 16.02.2021 година пуштен е допис до ЈСП, каде на ЈСП му се наложува да доставува Финансиски извештај (преглед) за реализираните средства со спецификација до Давателот на донацијата – Агенцијата за електронски комуникации секој месец најдоцна до 15ти во месецот.

-Доколку за дел од средствата има реализација да се достави Изештај со детални документи за наменска искористеност на средствата;

-Доколку се уште нема реализација да се даде образложение за планот на нивна реализација, и

-Доколку не се планира реализација да се даде образложение во однос со враќањето на овие средства кон Давателот на донацијата – Агенција за електронски комуникации согласно склучените Договори за донација

**Точка 6.4-** Со оглед на тоа што Агенцијата побарала мислење од УЈП во јануари 2020 година (за Годишна сметка 2019) и постапила по истото нивно мислење, исто така со оглед на тоа што АЕК нема право да бара мислења од Собранието на РСМ, по Закон за кој не е надлежна, сметаме дека оваа точка од Извештајот не треба да стои во Конечниот извештај.

Образложение: Во 2018 година е побарано автентично толкување од Собранието на РМ-Законодавно правна комисија, по друго прашање на кое го добивме одговор дека само предлагачите на Закон можат да побараат автентично толкување. Со оглед на тоа, сметаме дека ќе добиеме ист одговор.

**Точка 6.5**-

АЕК во целост и најодговорно се однесува кон даночната политика на Република Македонија, како и приложеното решение од УЈП за Даночен обврзник, АЕК е месечен обврзник и во изминатите 17 години без никаков проблем и многу посветено ја применува даночната регулатива. Агенцијата и понатаму ќе постапува по Данокот за ДДВ согласно Мислењето на даночниот орган.

6.6. Коментарот е соодветен. Се прифаќа дадениот Извештај.

**Точка 7 – Останати прашања**

Во врска со Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор за делот за останати прашања каде се истакнати одредени системски слабости Агенцијата нема надлежност да влијае на други институции. Напоменуваме дека слабостите се воочени и истите треба да се доставаат до соодветните институции за законска дорегулација. Сметаме дека за точките 7.1., 7.2., 7.3. и 7.4. можеби треба да се даде појасен нагласок дека овие забелешки не се однесуваат кон неправилно работење на Агенцијата, со цел читателот да не добие погрешен впечаток.

За спроведените препораки Агенцијата стои на располагање.

Ви благодариме за дадените препораки кои ќе придонесат за да го подобриме нашето работење.

Со почит,

Раководител на
Сектор за финансии
Владимир Велкоски

Директор
Jeton Akiku

Скопје, 19.02.2021
Наш број, 0201-310/2

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на коментари и забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

На ден 01.03.2021 година добиени се коментари и забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Агенцијата за електронски комуникации број 10-200/1 од 20.01.2021 година од страна на раководното лице на Агенцијата, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-200/4 од 01.03.2021 година.

Коментарите и забелешките на Нацрт извештајот се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Коментарот на дадената **препорака за точката 4.1.1**, која се однесува на продолжување со отпочнатите активности за донесување на функционална анализа и акт за систематизација на работните места кој ќе биде целосно усогласен со одредбите од законската и подзаконската регулатива, претставува **известување** дека препораката се прифаќа.

2. Коментарите на утврдената состојба во **точката 4.2.1.**, која се однесува на нецелосно постапување при спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските за 2019 година согласно законските, подзаконските и интерните акти кои го уредуваат начинот на вршење на пописот, претставува **известување** за констатираната состојба, со образложенија кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на ревизијата.

3. Коментарот на утврдената состојба во **точката 6.2.**, која се однесува на евидентирано побарување од Министерството за транспорт и врски по основ на наменски орочен депозит во една деловна банка, претставува **известување** дека Агенцијата ќе продолжи со понатамошни активности во насока на реализација на наведеното побарување.

4. Коментарот на утврдената состојба во **точката 6.3.**, која се однесува на склучени договори за донација со Јавното сообраќајно претпријатие Скопје - Скопје во минати години, за давање на доброволна и безусловна помош во пари како донација за остварување на јавен интерес, која до моментот на извршување на ревизијата не се во целост реализирани, претставува **известување** за мерките кои ги презема Агенцијата во насока на следење на активностите до целосна реализација на средствата.

---

*Ревизорски тим:*
*1.* ________________
*2.*________________
*3.*________________

*Овластен државен ревизор*
__________________________

5. Забелешката на утврдената состојба во **точката 6.4.**, во која е констатирана состојба која се однесува на пресметување и плаќање на данокот на добивка од страна на Агенцијата како непрофитно регулаторно тело во државата кое управува со радиофреквенцискиот спектар **се прифаќа** поради тоа што Агенцијата образложува дека постапува по добиеното мислење од Управата за јавни приходи, како надлежен орган за контрола на начинот на пресметувањето и плаќање на данокот на добивка, до добивање на поинакво мислење од Управата или автентично толкување на законот од страна на Собранието на РСМ.

6. Коментарот на утврдената состојба во **точката 6.5.**, во која е констатирана состојба која се однесува на преиспитување на потребата од регистрирање на Агенцијата како даночен обврзник за ДДВ, како и барање на Мислење од Управата за јавни приходи во однос на наведеното прашање, претставува **известување** дека Агенцијата во изминатиот период, како и во иднина ќе постапува согласно добиеното Решението за даночен обврзник добиено од Управата за јавни приходи, се до добивање на поинакво мислење од страна на Управата.

7. Коментарот на утврдената состојба во **точката 6.6.**, во која е констатирана состојба која се однесува заклучокот од Извештајот изготвен од страна ангажираните надворешни стручни лица-експерти од областа на градежништвото, за утврдување на законитоста во извршување на градежните активности поврзани со изградба на „Антенски столб на Водно-Антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции за територија на Република Македонија, без пристапен пат и без приклучен далекувод", претставува **известување** дека Агенцијата се сложува со наведената состојба.

8. Во однос на коментарот на состојбите утврдени **точката 7 – Останати прашања**, кои се однесуваат на состојби за кои потребно е дорегулирање на одредени прашања во законските или подзаконските акти од страна на надлежните органи, истакнуваме дека согласно методологијата за работа на Државниот завод за ревизија која се однесува на известувањето, во точката Останати прашања се истакнуваат состојби со цел да се направи разграничување меѓу констатациите кои се резултат од надворешни фактори или околности кои се надвор од контрола/ влијание на субјектот кој е предмет на ревизија.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ________________ ________________________

*2.*________________

*3.*________________